МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 35 став (6) од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ ДОБИВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА СТАВАЊЕ НА ВИНОТО ВО ПРОМЕТ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТАВАЊЕ НА ВИНОТО ВО ПРОМЕТ ПРЕД ИСЦРПУВАЊЕ НА КОЛИЧИНАТА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето заради добивање на решение за ставање на виното во промет и формата и содржината на образецот на барањето за престанување на важност на решението за ставање на виното во промет пред исцрпување на количината.

## Член 2

(1) Барањето за добивање на решение за ставање на виното во промет се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член ги содржи следните податоци:

- Назив на органот до кој се поднесува барањето;

- Во средишниот дел назив на барањето;

- Име/назив и адреса/седиште на барателот;

- ЕМБГ/ЕМБС на барателот;

- Број и датум на решението за запишување на барателот во Регистарот на производители на вино;

- Опис на производот;

- Број и датум на решение за запишување во Регистарот на вина со заштитен географски назив;

- Заштитен географски назив;

- Трговско име за ставање на виното во промет;

- Ознака на садот/садовите од кој ќе се земе мострата;

- Сорта/ сорти на винско грозје од кои е добиено виното за кое се бара Решение за ставање во промет;

- Вистинска алкохолна јачина во % вол.;

- Серија на производство (лот);

- Боја на производот;

- Година на берба, доколку се исполнети законските одредби за декларирање на годината на берба;

- Тип и големина на пакувањето на виното за кое се бара Решение за ставање во промет;

- Магацин на складирање на виното и негова адреса;

- Вкупна количина на виното за кое се бара Решение за ставање во промет;

- Земја на дестинација и

- Место за датум и потпис на барателот.

(3) Формата и содржината на образецот на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

(1) Барањето за престанување на важност на решението за ставање на виното во промет пред исцрпување на количината се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член ги содржи следните податоци:

- Назив на органот до кој се поднесува барањето;

- Во средишниот дел назив на барањето;

- Име/назив и адреса/седиште на барателот;

- ЕМБГ/ЕМБС на барателот;

- Број и датум на решението за запишување на барателот во Регистарот на производители на вино;

- Број и датум на решението за ставање на виното во промет за кое се бара престанување на важност пред исцрпување на количината,

- Опис на производот;

- Трговско име за ставање на виното во промет;

- Боја на производот;

- Година на берба, доколку се исполнети законските одредби за декларирање на годината на берба;

- Количина на виното (во литри) за кое е издадено решението за ставање на виното во промет за кое се бара престанување на важност пред исцрпување на количината;

- Количина на виното (во литри) со чие исцрпување се бара престанување на важност на решението за ставање на виното во промет;

- Број, датум и количина (во литри) на претходно издадени решенија за престанување на важност пред исцрпување на количината кон решението за ставање на виното во промет за кое се бара престанување на важност пред исцрпување на количината и

- Место за датум и потпис на барателот.

(3) Формата и содржината на образецот на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето заради добивање на решение за ставање на виното во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13).

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применуваа со отпочнувањето на примената на член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/16).

| | |
|---|---|
| Бр.16-7494/1 | Министер за земјоделство, |
| 1 август 2016 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р Михаил Цветков, с.р. |

**Прилог 1**

| ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО | |
|---|---|
| **БАРАЊЕ ЗАРАДИ ДОБИВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА СТАВАЊЕ НА ВИНОТО ВО ПРОМЕТ** | |
| 1. Име/назив и адреса/седиште на барателот | |
| 2. ЕМБС/ЕМБГ на барателот | |
| 3. Број и датум на решение за запишување на барателот во Регистарот на производители на вино | |
| 4. Опис на производот | ☐ **Трпезно вино**<br>☐ **Регионално вино** *(трпезно вино со географска ознака)*<br>☐ **ВКП** *(вино со контролирано потекло)*<br>☐ **ВКГП** *(вино со контролирано и гарантирано потекло)* |
| 5. Број и датум на решение за запишување во Регистарот на вина со заштитен географски назив | |
| 6. Заштитен географски назив | |
| 7. Трговско име за ставање на виното во промет | |
| 8. Ознака на садот/ садовите од кој ќе се земе мострата | |
| 9. Сорта/ сорти на винско грозје од кои е добиено виното за кое се бара Решение за ставање во промет | |
| 10. Вистинска алкохолна јачина во % вол. | |
| 11. Серија на производство (лот) | |
| 12. Боја на производот | |
| 13. Година на берба, доколку се исполнети законските одредби за декларирање на годината на берба | |
| 14. Тип и големина на пакувањето на виното за кое се бара Решение за ставање во промет | |
| 15. Магацин на складирање на виното и негова адреса | |
| 16. Вкупна количина на виното за кое се бара Решение за ставање во промет | |
| 17. Земја на дестинација | |

| | | |
|---|---|---|
| Место и датум,<br><br>____________________ | | Барател,<br><br>____________________ |

Прилог 2

| ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО | |
|---|---|
| **БАРАЊЕ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТАВАЊЕ НА ВИНОТО ВО ПРОМЕТ ПРЕД ИСЦРПУВАЊЕ НА КОЛИЧИНАТА** | |
| 1. Име/назив и адреса/седиште на барателот | |
| 2. ЕМБС/ЕМБГ на барателот | |
| 3. Број и датум на решение за запишување на барателот во Регистарот на производители на вино | |
| 4. Број и датум на решението за ставање на виното во промет за кое се бара престанување на важност пред исцрпување на количината | |
| 5. Опис на производот | ☐ Трпезно вино<br>☐ Регионално вино *(трпезно вино со географска ознака)*<br>☐ ВКП *(вино со контролирано потекло)*<br>☐ ВКГП *(вино со контролирано и гарантирано потекло)* |
| 6. Трговско име за ставање на виното во промет | |
| 7. Боја на производот | |
| 8. Година на берба, доколку се исполнети законските одредби за декларирање на годината на берба | |
| 9. Количина на виното (во литри) за кое е издадено решението за ставање на виното во промет за кое се бара престанување на важност пред исцрпување на количината | |
| 10. Количина на виното (во литри) со чие исцрпување се бара престанување на важност на решението за ставање на виното во промет | |

| 11. Број, датум и количина (во литри) на претходно издадени решенија за престанување на важност пред исцрпување на количината кон решението за ставање на виното во промет за кое се бара престанување на важност пред исцрпување на количината | Бр. на решение | Датум на решение | Количина (л) |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

| Место и датум,<br><br>____________________ | | Барател,<br><br>____________________ |
|---|---|---|